

# Можност за вработување:
# Економист - Консултант

Грант Торнтон, **grantthornton.mk**, е една од водечките организации во светот составена од независни фирми кои обезбедуваат ревизорски, даночни и советодавни услуги, кои им помагаат на динамичните организации да го поттикнат растот преку широк спектар на професионални услуги. За нашата канцеларија во Скопје, потребни ни се енергични и проактивни лица и доколку сакате да бидете дел од нашиот тим и да имате долгорочна кариера со можност за просперитет, аплицирајте за позицијата Економист - Консултант.

## Доколку сакате да бидете дел од нашиот тим ви нудиме:

- Пријателска и динамична работна средина, во која можете да ги развивате своите вештини и компетенции
- Нудиме одлични можности со конкурентен пакет за наградување и постојан развој на кариерата за амбициозните кандидати кои имаат желба за напредок
- Обука и менторство

## Улога во тимот

- Поддршка на сите членови на тимот во изработката на проектите
- Спроведување на пазарни и останати истражувања
- Учество во изработка на консултантски извештаи и проекти
- Учество во изработка на финансиски анализи, финансиски модели и сценарија
- Учество во изработка на Discounted Cash Flow (DCF) анализи
- Учество во изработка на бизнис планови и физибилити студии
- Учество во изработка на процени на вредност на капиталот на компанијата
- Учество во изработка на процени на вредност на средствата на компанијата
- Учество во изработка на длабински анализи
- Учество во советување околу купопродажба на компании
- Учество во изработка на проекти од областа на реорганизација, ре-структурирање и ликвидација на компании
- Учество во изработка на проекти поврзани со останатите услуги на компанијата
- Подготовка на понуди и договори
- Комуникација со клиенти, партнери, соработници и државни институции
- Одржување на состаноци со клиенти и бизнис патувања
- Уредно водење на документацијата во согласност политиките на фирмата

## Потребни квалификации и компетенции:

- Универзитетска диплома од Економски факултет
- Работно искуство најмалку 5 години во професионална корпоративна средина
- Одлично владеење на деловен англиски јазик, усно и писмено
- Одлично познавање на Microsoft Office и развиени компјутерски вештини
- Одлични комуникациски и меѓучовечки односи
- Демонстрирање на цврста работна етика
- Самодоверба и способност за работа по своја иницијатива и со ограничен надзор

Изберете го Грант Торнтон, затоа што вашиот професионален и личен успех е наша заложба, аплицирајте со испраќање на ваша кратка биографија на **Careers@mk.gt.com** најдоцна до 15.02.2024 година и станете дел од семејството на Грант Торнтон.

Напоменуваме дека ќе бидат контактирани само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг на избор. Грант Торнтон е работодавач со еднакви можности за сите.

Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост.